# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА ЈП КАЛИН КАМЕН - КРИВА ПАЛАНКА

# ЗА 2024 ГОДИНА

Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ - Крива Паланка е основано заради вршење дејност од јавен интерес. Основано е од страна на Советот на Општина Крива Паланка и истото постои од 2009 година.

Претпријатието како приоритетна дејност под кое е регистрирано е “Изградба на патишта и автопати” но во својот делокруг на работа ги извршува и следниве дејности:

1. Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи
2. Трговија на гас преку дистрибутивните системи
3. Снабдување со пареа и климатизација
4. Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди
5. Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи
6. Складирање на стока
7. Електоинсталатерски работи
8. Услужни дејности поврзани со копнениот превоз

Сите горенаведени дејности се усогласени со националната класификација на дејности и се запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Со одлука на Совет на Општина Крива Паланка на ЈП Калин Камен му е пренесена надлежноста за ставање во функција на Зонско паркирање во градот како решение за сообраќајниот метеж.

Претпријатието засега нема формирано функционални секторски единици и одделенија и засега со претпријатието раководи ВД директор кој ќе работи во тесна координација и соработка со Општина Крива Паланка. Во тековната година ќе се утврдат организациските потреби со цел изработка на актот за внатрешна организација на претпријатието. Актот за систематизација ќе се изработува во текот на самото имплементирање на зонското паркирање откако ќе се утврдат потребните профили на вработени кои се потребни за непречено одвивање на процесот на зонско паркирање и евентуални дополнителни дејности кои би ги работело претпријатието.

Со оглед на тоа дека се работи за сериозен и комплексен проблем, наталожен со години, решавањето бара сеопфатен пристап кој бара многу време, па така во 2023 година претпријатието ги спреми драфт правилниците со кои ќе се регулира зонското паркирање. За таа цел беа извршени консултации со

граѓаните и компаниите. Во 2024 година е планирано да се заврши процесот со дополнителни консултации со сите засегнатите страни и зонското паркирање да се стави во функција.

Претпријатието во 2024 година ќе се финансира преку субвенционирање од страна на Општина Крива Паланка и тоа за основните трошоци, додека останатите трошоци како сметководство, копирање на документи, технички материјал и слично ќе бидат поддржани од буџетот на Општина Крива Паланка и општинската администрација.

Во оваа програма за работа се ставени основните трошоци за функционирањето на претпријатието и пред започнувањето на зонското паркирање е предвидено измена на програмата со која ќе се направи нова проекција на приходите и расходите преку субвенција од страна на буџетот на Општина Крива Паланка како и од самофинансирачки активности.

Планираните приходи за оперативно работење на ЈП Калин Камен – Крива Паланка согласно програмата за 2024 година се:

| | **Приходи** | **Сума** |
|---|---|---|
| | Субвенција од Општина Крива Паланка | 1.420.000,00 |
| | | |
| | **Вкупно** | **1.420.000,00** |

*Со зборови: Еден милион, четиристотини и дваесет илјади денари*

Планираните расходи за оперативно работење на ЈП Калин Камен – Крива Паланка за 2024 година се:

| | **Расходи** | **Сума** |
|---|---|---|
| | Бруто плата | 1.270.000,00 |
| | Останати трошоци | 150.000,00 |
| | | |
| | **Вкупно** | **1.420.000,00** |

*Со зборови: Еден милион, четиристотини и дваесет илјади денари*

**ЈП Калин Камен –Крива Паланка**

**В.Д Директор,**
**Јорданчо Миневски**